# Како да продавате безбедно онлајн

Продажбата на предмети онлајн има многу предности, особено кога сакате да го намалите нередот, да се ослободите од непотребни предмети или да заработите пари од вашите уметнички дела или занаетчиски проекти. Преку овој водич ќе се запознаете со предностите на онлајн-продажбата, како да напишете ефикасна реклама и совети да бидете безбедни кога вршите онлајн-продажба.



## Предности на онлајн-продажбата онлајн

- Намалете го нередот
- Намалете ги отпадоците што завршуваат на депонија
- Заработете дополнителни примања

## Најпопуларни продажни онлајн-локации

eBay е најпопуларната онлајн-локација за продажба во Австралија, а по неа следат Gumtree и Facebook Marketplace. Меѓу овие платформи постојат голем број сличности, но секоја нуди малку различно искуство. Пред да почнете, ви препорачуваме да се запознаете со секоја платформа.

eBay има предност бидејќи има меѓународни купувачи што можат да ги купат вашите предмети, додека Gumtree и Facebook Marketplace се наменети да купување и продажба во областа на вашата локална заедница.

### Купување и продажба низ целиот свет

ebay

− **Провизија** за продажба

### Купување и продажба во вашата локална заедница

Facebook Marketplace   Gumtree

+ **Продажбата** е бесплатна

# Како да ги продавате вашите предмети онлајн

Штом ќе ја поставите вашата сметка на некоја од продажните онлајн платформи, можете да ја објавите вашата прва реклама.

**Следете ги овие едноставни чекори за да ја истакнете вашата реклама и да се издвоите од останатите:**

1. Направете список со предметите што сакате да ги продадете.
2. Сликајте го предметот (предметите).
3. Извршете пребарување за да видите за колку пари се продаваат слични предмети и потоа одредете ја вашата цена соодветно.
4. Напишете јасен опис.
5. Обидете се да одговорите на прашањата за вашиот предмет штом ќе ги добиете.

**Совет:** најпрво почнете да продавате предмети со мала вредност за да се навикнете на начинот на кој онлајн-пазарот функционира. Чувајте ги поскапите предмети за момент кога ќе имате поголема самодоверба.

**Важно е да обезбедите дека вашата реклама привлекува потенцијални купувачи. Пробајте ги следните совети за да ги направите рекламите што е можно поефикасни:**

- Напишете детален опис - можете да вклучите информации како што се бојата, употребениот материјал, брендот, моделот и големината или димензиите. Исто така, можете да вклучите информации каде сте го купиле предметот и колку пари сте го купиле.
- Бидете јасни за она што го продавате. Ја продавате само масата? Или ги продавате и масата и столиците? Дали би размислувале да ги продадете одделно?
- Бидете искрени - вклучете детали за состојбата на предметот, особено за белези или флеки.
- Напишете разбирлив наслов - бидете сигурни дека им објаснува на купувачите што точно продавате. На пример, „Бел дрвен кревет од ИКЕА“ звучи подобро наместо само „Се продава кревет“.
- Напишете белешка ако во продажбата вклучувате дополнителни предмети. На пример, перници за двоседот или кабли за електричниот алат.

**Добрите слики помагаат да ги продадете вашите предмети. Еве неколку совети како да направите предметите да изгледаат добро:**

- Обидете се да ги сликате во природно светло. Избегнувајте сенки.
- Кога сликате, фокусирајте на предметите што ги продавате и избегнете го нередот околу предметот. На пример, ако сликате тросед, отстранете ги перниците или прекривките што не се за продажба и отстранете ги предметите во околината (или луѓето или миленичињата!) што можеби се наоѓаат во близина на она што го продавате.
- Направете слики одблиску од белезите или оштетувањата на предметот.
- Ако е можно и изводливо, сликајте ја етикетата, вклучувајќи го производителот и моделот, ако сметате дека тоа е важно за потенцијалните купувачи.



## Како да прифатите плаќање

Постојат неколку начини да примите плаќање од купувач, но некои се малку побезбедни од други. Paypal е најбезбедниот начин да плаќате или да примате плаќања.

- Сите трансакции се вршат на веб-страници што користи безбедно шифрирање за да се заштитат личните податоци што ги давате вие и клиентот, па така тие се безбедни од индискретни лица и крадци на идентитет.
- Не треба да ги споделувате вашите банкарски детали со лица што не ги познавате.
- Таа се употребува и прифаќа нашироко.
- Лесно е да ја поставите — ќе треба да го дадете вашето име, адреса, датум на раѓање, телефонски број, е-пошта и лозинка.

**Совет:** ако некој купувач поднел поплака дека не го добил предметот што го купил, парите што ги платил ќе се стопираат и PayPal ќе ви побара доказ за испорака на предметот. Штом ќе прикажете доказ дека трансакцијата беше законска, PayPal ќе ви ги ослободи средствата.

Имајте на ум! За повеќе информации како да поставите безбедна лозинка, посетете ја страницата Safety First во Тематската библиотека на Be Connected

## Совети за е-Безбедност (eSafety) при онлајн продажба

Продажбата на предмети може да биде забавно искуство, но се исплаќа да бидете безбедни. Еве неколку совети како да ја минимизирате опасноста и да се заштитите себеси додека вршите онлајн-продажба.

### Не споделувајте премногу лични податоци

Сите информации што ги објавувате јавно може да ги употребат измамници за други цели. Колку помалку непознатите лица знаат за вас, толку побезбедни ќе бидете. Обезбедете дека фотографиите од вашите предмети не содржат лични податоци за вас. Прегледајте внимателно дали имаат име на улица, број на куќа, лична пошта, семејни фотографии или детали на таблици и заматете ги или отсечете ги од фотографијата.

### Среќавајте се со купувачите на безбедни места

Ако треба да се сретнете лично со некој купувач, изберете безбедно јавно место и секогаш имајте некого друг со вас. Ако продавате голем предмет, купувачот можеби ќе треба да дојде во вашиот дом. Ако можете, преместете го предметот на верандата, во гаражата или во предниот двор. Во идеална ситуација, купувачот не треба да влезе во вашиот дом.

### Не давајте го предметот сè додека не ги добиете парите

Никогаш не давајте му го предметот на потенцијален купувач сè додека не го примите целосното плаќање. Пред да го предадете предметот или да го пратите кај купувачот, треба секогаш да проверите дали ви го дале или уплатиле точниот износ на сметката на Pay Pal или во банката. Бидете сомничави кога добивате е-пошта што тврди дека парите се наоѓаат во вашата сметка. Оваа е-пошта може да биде лажна и покрај тоа што изгледа веродостојно, па пред да им поверувате, ќе треба да ја проверите вашата сметка.

### Не влегувајте во искушение да склучите зделка надвор од продажната платформа

Внимавајте на измамници што се обидуваат да ве убедат да склучите брза продажба. Може да ви понудат да го купат веднаш вашиот предмет ако им дадете голем попуст или ако го отстраните огласот и ја извршите трансакцијата надвор од продажната платформа каде што сте ја рекламирале (како што е eBay, Gumtree или Facebook Marketplace).

**Совет:** ако некој врши притисок на направите нешто набрзина, ова треба да ви служи како предупредување да успорите и да бидете сигурни дека нема да бидете измамени.

Најдобро е да обезбедите дека сета комуникација меѓу вас и купувачот се врши преку продажната платформа (како што е eBay, Gumtree или Facebook Marketplace). На овој начин, ако нешто не оди како што треба со продажбата или ако се јави конфликт, платформата ги има сите докази и може да помогне да се најде решение.

**За да бидете информирани** за најновите измами што треба да ги избегнете, запишете се на добивате предупредувања по е-пошта scamwatch.gov.au/news/subscribe-to-scam-alert-emails

## Брзи врски

eBay www.eBay.com.au

Gumtree www.Gumtree.com.au

Facebook Marketplace www.facebook.com/marketplace

PayPal www.PayPal.com

BeConnected www.BeConnected.esafety.gov.au






## Најдете време да ја разгледате веб-локацијата Be Connected

Be Connected е една богата веб-локација со бесплатни ресурси специјално дизајнирани да им помогнат на постарите Австралијци да се поврзат безбедно онлајн и да вршат со самодоверба навигација низ дигиталниот свет. Исто така, локацијата е корисна за семејствата и организациите во заедницата што сакаат да им помогнат на постарите лица да пристапат до сите придобивки од интернетот.

beconnected.esafety.gov.au